
Dragan Abjanic
RETROSPECTIVE
Драган Абјаниќ
1900 ч. 21 Март 2001, МСУ, Скопје
ЦИУ Мултимедиа - New Media Space
4 Интернационален Филмски Фестивал - Скопје

# Драган Абјаниќ
( 7 мај 1953-15 март 1999)

Она што веројатно тој самиот би сакал да го спомне за себе и во врска со себе е: таткото Живко, мајката Верица, сестрата Мелита, Валентин, детските години во една од воените згради спроти Зоолошката градина во Скопје, гимназиските денови во "Орце Николов. Музичката младина на Македонија, другарувањето со Геро и Мирко љубовта кон музиката, летувањата на Јадран, Винковци, кнедлите со сливи, питата со тиква, бозата кај "Апче", Скопје џез фестивал 82, Џими Хендрикс, Велвет андерграунд, Вудсток, собирањето плочи, "Македонија филм", служењето на воениот рок, биологијата како неостварен сон, Телевизија Скопје (МТВ), Грас вели, работата во тв центарот за време на Зимските олимписки игри во Сараево, раѓањето на Ана, допирот со уметничкото видео и средбата со Катица, Стење, Охрид 22 октомври 1987, реализацијата на емисиите од областа на културата, Гена, Венци, Лепи, Бачовски, Камче...Љубљана, ќерката Ена, Видео колониите, Хрвоје и повторно Охрид, А1 и Чемерикиќ, Мите, Искра, Нора, Пачули, Брант, Нехи, Пекинг, Рим и Коко, Ватикан, Локарно, Каен, Лондон...дедо, нештата што ги молчеше, Хинки, Ацо-Рембрант Изи, "Анастасија", АРТЕ Ана и "Маргини", Дон Никола... Станот бр.4 на ул.11Октомври бр.8...

Гледаше музика, слушаше слика и тивко,нежно,
ја допираше виртуозноста.
Катица Трајковска

**автор на:**
Потоа, Процесија, Апокатастатис, Вевчани, Ена, Видео раскази.
**коавтор на:**
Микско, Ана, Кокино, Сараево, Сабвеј, Н.Е.П, со Иван Чунихин, Александар Станковски, Златко Трајковски и Игор Иванов-Изи
**реализација на:**
Културен магазин, Само еден час , шпици , цинглови, рекламни спотови, концерти во живо, емисии во живо, Маргини..
**награди:**
Награда на Советот на Европа, Локарно 1994 за "Потоа"
Награда на градот Локарно 1995 за "...и бело".
Награда на Фестивалот Златна антена за иновација во тв изразот("Сабвеј") 1994
Учество со Н.Е.П на Лондонскиот филмски фестивал 1995

What he would probably like to mention about himself is: his father Zivko, mother Verica, sister Melita, Valentin, chidlhood years in one of the military personnel buildings across from the ZOO in Skopje, high-school days in the "Orce Nikolov" gymnasium, the Music Youth of Macedonia, friendship with Gero and Mirko, his love for music, summer holidays on the Adriatic coast, Vinkovci, plum dumplings, pumpkin pie, the boza at "Apce", Skopje Jazz Festival '82, Jimmy Hendrix, Velvet Undergroud, Woodstock, collecting LPs, "Makedonija film", doing military service, biology as an unfulfilled dream, Television Skopje (MTV), Grass Valley, the work in the TV center during the Winter Olimpics in Sarajevo, the birth of Ana, the contact with video art and meeting Katica, Stenje, Ohrid 22 October 1987, realization of the programs in the field of culture, Gena, Venci, Lepi, Bacovski, Kamce, Ljubljana, daughter Ena, Video colonies, Hrvoje and Ohrid again, A1 and Cemerikic, Mite, Iskra, Nora, Paculi, Brant, Nehi, Beijing, Rome and Koko, the Vatikan, Lokarno, Kaen, London… grandpa, the things he was silent about, Hinki, Aco-Rembrant, Izi, "Anastasia". ARTE Ana and "Margini", don Nikola… Apartment no. 4 at 11 October Street, no. 8 and from me:

He was watching music, he was listening image and quietly, gently,
he was touching virtuosity.
Katica Trajkovska

*author of:*
*After, Procession, Apokastatis, Vevcani, Ena, Video Stories*
*Co-author of:*
*Miksko, Ana, Kokino, Sarajevo, Subway, N.E.P with Ivan Cunihin, Aleksandar Stankovski, Zlatko Trajkovski i Igor Ivanov- Izi*
*Realization of:*
*Cultural magazine, Only one hour, jingles, trailer, commercials, live concerts, live shows, Margini*
*awards:*
*Award of European Council - Locarno 1994 for " After"*
*Award from the city of Locarno 1995 for "...i belo"*
*Award of the festival Golden Antenna for the innovation in the TV expression ("Subway") 1994*
*Participation on the London Film festival 1995 - N.E.P*

...Абјаниќ не беше човек на зборовите, туку повеќе им припаѓаше на сликите и музиката, вешто развивајќи ја својата дарба во компонирање визуелни етиди, никогаш не претерано илустративни ниту премногу апстрактни,секогаш тука некаде на границите што всушност, се уметност. Но, и покрај неговите огромни заслуги за придвижувањето на самиот ТВ медиум кон себе (постојано инсистирајќи на кинематската димензија на телевизијата), и покрај низата сјајни проекти (...) се добива впечаток дека таквите кон медиумот (не кон неговата редукција на политичко "информативно" туку кон самиот медиум посветени луѓе каков што беше Абјаниќ со ноќи работејќи на неколку секунди од филм на неколку "фрејма"), како да се одвишни во една вербална ( кафеанска) култура која баш и нема чувство за визуелните или ликовни аспекти на нештата. Како што и пошироко нема чувство за оние нејзини припадници кои ги продлабочуваат работите кои излегуваат од тесните рамки од еднаш засекогаш дадените стереотипи и кои се обидуваат (барем во еден голем период од својот работен век Абјаниќ се обидуваше) насосредоточено и најбескомпромисно да го работат она што ги исполнува и во што веруваат. Се чини дека Драган Абјаниќ и низ својата телевизиска работа а и низ својот приватен живот,како нечујно (а всушност многу силно, што за жал и по обичај го сфаќаме предоцна ) да го потврдуваше фактот дека медиумите не ја одразуваат стварноста , туку дека ја вметнуваат. На разни начини Абјаниќ живееше во своите светови и креираше онаква медиумска стварност каква што му одговараше на неговиот кревок и суптилен дух. Со тоа својата кревкост ја претвори во креативна сила. Тоа можеби е и највисоката точка до која може да се допре во"посредувањето" меѓу себе и стварноста...



*Коља Мраковски "Посредник на мирот"*
*ФОРУМ, 26.03-08.04.1999*



Беше посебен ,премногу скромен за да ја потенцира сопствената величина. Сметам дека престојуваше во онаа точка од вселената каде што живеат само одбраните.

*Ана Глогорова*
*А1 (25.03.1999)*

Беше илузија, потсвест, сеќавање и соништа... Ние не бараме слава туку таму кај што ќе загинеме да ни остават еден цвет... Со боја на срцето... Ќе дојдат еден ден подобри од нас...

*Изи*
*А1(25.03.1999)*





..Кога се обидувам да си го разјаснам животот и уметноста на овој меѓународно еминентен видео автор би рекла дека беа- етерични. Неговата уметност беше неговиот живот. Неговата експресија се појавуваше секогаш зад реалноста. Неговата реалност беше неговата уметност. Тој живееше и патуваше низ слики. Низ сликите сакаше да ни покаже нешто навистина важно. Дали ние тоа го разбравме и дали го пронајдовме? Се уште не знам. Бидејќи на сите ни се потребни зборови за да разбереме нешто, за жал така е од дамнина, а тој не зборуваше многу. Неговите прашања и одговори беа содржани во неговото видео дело и уметничките програми што како дел од себе и ги даде на Македонија и светот. Тој прашуваше низ сликата, креирајќи ја сликата, менувајќи ја нејзината стереотипната структура, но важно е да се каже дека неговата прва љубов беше музиката. Тој мислеше низ музика. Звукот, музиката беа многу важни елемнти во неговите дела. Не научи дека со употребата на компјутерот во создавањето на делото не се потребни фарси на искажување, туку феноменот на едноставноста. Неговото патување низ сликата почна пред дваесет години во МТВ, а заврши во Телевизијата А1 , но дали заврши?...

*Евгенија Теодосиевска: "Неуморниот патувач низ светот" Од Каталогот на 17 World Wide Video Festival 1999,Amsterdam*



Програма:

**Потоа**
(Драган Абјаниќ, 1994, 7 мин.)

**Процесија**
(Драган Абјаниќ, 1998, 14 мин.)

**Ена**
(Драган Абјаниќ, 1996, 1О мин.)

**Ана**
(Драган Абјаниќ и Иван Чунихин, 1987, 14 мин.)

**Миксо**
(Иван Чунихин и Драган Абјаниќ, 1986, 3 мин.)

**Апокатастатис**
(Драган Абјаниќ, 1990, 3 мин.)

**Птиците над црквата св. Димитрија**
(Драган Абјаниќ,1992,12 мин.)

**Од Кокино**
(Драган Абјаниќ, Александар Станковски , Златко Трајковски,1993, 6 мин.)

**Од Сабвеј**
(Драган Абјаниќ и Игор Иванов-Изи, 1994, 4 мин.)

**Од Н.Е.П.**
(Драган Абјаниќ и Игор Иванов Изи, 1995, 6 мин.)

**Сараево**
(Игор Иванов -Изи и Драган Абјаниќ, 1997, 4 мин.)

**Вевчани**
(Драган Абјаниќ, 1998, 4 мин.)

**"...и бело"**
( Драган Абјаниќ, 1995, 3 мин. )





Во своето уметничко творештво поседуваше огромна храброст за експеримент во кој ретко кој би се впуштил. На тој начин, често пати соочен со конвенционалноста, сам го крчеше патот на уметноста на видео артот. Драган сакаше да работи со луѓето од сцената не поставувајќи бариера околу нивната квази професионална компетентност. На тој начин тој внесе големи етички вредности во своите дела.

*Александар Станковски ,*
*A1 (25.03.1999)*




...Драган Абјаниќ за себе никогаш не рече дека е режисер, или уметник! Говореше дека поимот режисер, односно уметник, означува нешто големо, дури и во наши услови. Сепак ги направи видео делата: "Микско, ""Кокино", "Потоа, "видео инсталацијата"...и бело, ""Процесија" ...ги работеше ТВ емисиите "Културен магазин", "Само еден час", "Сабвеј", "НЕП"...! Сепак ја доби ПРВАТА- и единствена досега во Македонија - меѓународна награда за видео дело на Фестивалот во Локарно (Швајцарија) 1994 година. Сепак, ја имаше таа чест наредната година да го отвори тој фестивал со неговата инсталација "...и бело"! Меѓу последните телевизиски емисии што ги "сликаше" беше онаа со Ана Глигорова, во А1 Телевизија, насловена како "Маргини". Ана Глигорова вели дека Драган (се разбира, метафорично) ја гледал реалноста во негативнаместо во позитив. Можеби! Но, што е негатив, а што позитив би рекол Драган!? Постои ли точна дефиницијаили секој го гледа и го прифаќа животот - така како што гледа и прифаќа!? Нели од негативот се копира позитивот? Или Драган сакаше да ни го прикаже НЕГАТИВОТ за подобро да го разбереме ПОЗИТИВОТ, како камерата да му беше директно-кабловски врзана со сивите келии, емитувајќи ги "во живо" неговите размислувања:за секојдневието, за уметноста,за филозофијата, за - ЖИВОТОТ! Животот во слика или слика на животот? Можеби, всушност, и не разбрав(ме) што ни покажуваше Драган?...

*Златко Теодосиевски:"Бесониот патник низ сликата" "Нова Македонија"25 март 1999*



Organizer: PAC Multimedia
Place: MCA, Skopje
Time: 1900 h. 21 March 2001
Program:
PAC Multimedia - New Media Space
Sculpture Time workshop

Supported by:
FOSI Macedonia
KulturKontakt
Digikom
Skenpoint
Link Telekom

In cooperation with:
Museum of Contemporary Arts
4 International Film Festival -Skopje

Director of PAC Multimedia:
Violeta Simjanovska
Project Coordinator:
Biljana Tanurovska
External Expert:
Katica Trajkovska
Team of PAC Multimedia:
Toso Filipovski
Aleksandar Grupcev

Contact adress of PAC Multimedia:
Mihail Cokov 4, 1000 Skopje
tel.: +389 2 111 570
fax: +389 2 109 303
e-mail: info@multimedia.org.mk
http://multimedia.org.mk

design: pashedesign

Организатор: ЦИУ Мултимедиа
Место на одржување: МСУ Скопје
Време на одржување: 1900 ч. 21 Март 2001
Програма:
ЦИУ Мултимедиа - New Media Space
Скулптура Време - работилница

Поддржано од:
ФИОО Македонија
КултурКонтакт
Дигиком
Скенпоинт
Линк Телеком

Во соработка со:
Музеј на Современа Уметност - Скопје
4 Филмски Фестивал - Скопје

Директор на ЦИУ Мултимедиа:
Виолета Симјановска
Координатор на проектот:
Билјана Тануровска
Стручен соработник:
Катица Трајковска
Тим на ЦИУ Мултимедиа:
Тошо Филиповски
Александар Групчев

Контакт адреса на ЦИУ Мултимедиа:
Михаил Цоков 4, 1000 Скопје
тел.: + 389 2 111 570
факс: +389 2 109 303
e-mail: info@multimedia.org.mk
http://multimedia.org.mk

дизајн: пашедизајн